# Во Карпош ќе се реновира училиштето „Вера Циривири"

Старите прозорци во Основното училиште „Вера Циривири" во Општина Карпош ќе бидат заменети со нови со донација од УСАИД од 30.000 долари.

- Тоа што прозорците од 1963 година ќе ги замениме со нови е заслуга на училиштето, на в.д. градоначалникот Сашо Димиќ, но и на родителите, кои активно се вклучија во изработката на проектот - вели Елка Даскалова, директорка на училиштето.

Договорот помеѓу училиштето и УСАИД бил потпишан пред една недела и веќе е распишан оглас за прибирање најповолни понуди. Интересно е дека родителите на учениците се согласиле, без надоместок, сами да ги отстранат старите прозорци и така придонесле за добивањето на донацијата.

За директорката, ова е доказ дека вистинска соработка помеѓу училиштето, општината и советот на родители гарантира успех.

- Ова е продолжение на претходниот проект на училиштето, кое во соработка со топлификација работи на постојано намалување на непотребното трошење енергија. Сега нема греење за викенди, празници и кога нема ученици. И замената на прозорците ќе заштеди енергија - објасни Даскалова.

И градинката „Орце Николов" се вклучи во „раѓањето" на идејата за заштеда на енергија. Општината Карпош, во соработка со Центарот за енергетска ефикасност, организира трибина, односно ги подучува децата за штедење енергија, преку практични експерименти, приказни и игри.

На трибината се обрати и професорот од Машински факултет, Констатин Димитров.

- Целта е да се разбуди свеста кај децата од најраната возраст за значењето и за важноста на енергијата. Се надеваме дека ваквите активности за штедење и за зачувување на животната средина ќе ги прифатат и други институции - вели градоначалникот Сашо Димиќ.